| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература творење и изразување** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Самостојно пишување текстови** *(композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник)* | Раскажува лично доживување и ги опишува чувствата во врска со доживувањето во форма на **дневник.** | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им дели извадоци од различни дневници: ,,Дневник по многу години“- Блаже Конески, „Плоча на животот“ - Ташко Георгиевски , како и „Недовршен дневник на еден ученик“ од Стале Поповски – Цаци<br>Учениците ги разгледуваат ги читаат извадоците и ги воочуваат особеностите на дневникот. Преку насочувачки прашања од страна на наставникот се открива литературниот вид-дневник и се објаснуваат белезите.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат самостојно. Добиваат задача да пишуваат белешки за доживување од вчерашниот ден (снег, зима, студ , зимски игри...). Учениците пишуваат текстови во форма на дневник.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>**Учениците ги презентираат текстовите**<br>**За домашна работа:**<br>Водете личен дневник секојдневно една седмица, во кој ќе ги бележите поважните настани што ви се случуваат и чувствата и размислувањата со кои се соочувате.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1),,Што правевме денес?“, | -Библиотека во училницата и училишна библиотека | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови<br>- Внесува лични впечатоци и доживувања;<br>- Листи за<br>- Усната презентација<br>- Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : • МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност)* | Го објаснува значењето на **непристрасноста** и **балансираноста** како етички стандарди | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист со десетина тврдења за кои треба да означат дали укажуваат на факти или на мислења, според тоа дали може да се докаже дека се вистинити или не. (Примери за факти: На кучето му треба храна за да може да 24 преживее. – Езерата и планините нудат можност за рекреација. – Сладоледот се прави во различни вкусови. Примери за мислења: Кучето е најверен пријател на човекот. – Одењето на плажа е позабавно од качувањето по планини. – Најубав е сладоледот со чоколаден вкус.)<br>По усогласувањето на точните одговори, преку дискусија се заклучува дека фактите може да се проверат и да се докаже дека се вистинити и дека се непристрасни (не поддржуваат едно гледиште.<br>Се открива целта на часот.<br>Наставникот поставува прашање со цел да се поведе дискусија: *Дали знаете што значи да се биде објективен?* | -Компјутер, телевизија, образовни софтвери, интернет, аудио – визуелни снимки; мобилни телефони; илустрирани енциклопедии за деца, книги, учебници, фотографии, постери, албуми, информативни книги, брошури, флаери, покани, усни искажувања од членови на потесното или поширокото семејство / стручни лица во доменот кој се истражува | • практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови<br>• Пребарува, издвојува и користи информации од различни медиуми<br>• Усната презентација<br>• Практична примена при користење на медиуми;<br>• Домашните задачи. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците во 3 групи добиваат новинарски текстови коишто имаат информативен карактер. Тие даваат информации за определена област, односно за одредена тема. Учениците ги читаат текстовите потоа учениците одговараат на прашањето под текстот.<br>Прва група: Кои информации и проблеми ги опфаќа секој од текстовите?<br>Втора група: Какво е влијанието на секој текст врз читателите?<br>Трета група: Како текстовите погоре може да придонесат за решавање на проблемите во општеството?<br>Се изведуваат заклучоци за текстовите.<br>Кога се информираме, текстовите што ги читаме се вести и тие треба да имаат информации за следните прашања:<br>Што (се случило)?<br>Кој (учествувал)?<br>Каде (се случил настанот)?<br>Кога (се случил настанот – час, датум)?<br>Зошто (се случило тоа)?<br>Како (се случил настанот)?<br>Најважното нешто во новинарството е следење на патот на вистината, фактите и тежнеење кон објективност.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Објективноста и непристрасноста се главни начела во информирањето. На | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пример, кога двајца во одделението ќе се скараат и класниот раководител ќе го повика само едниот, дали е тоа во ред? Зошто не е во ред? А ако ги повика двајцата или повеќемината учесници? Што ќе се случи тогаш? Класниот раководител ќе добие информација за двете страни на приказната за да може да ги информира родителите да се преземат мерки за решавање на проблемот.<br>Да запомниме дека за новинарите е особено важно да бидат објективни и независни затоа што само така можат да бидат општествено корисни. Тие, новинарите, како поединци во медиумите како организации, собираат, обработуваат и пласираат информации кои служат за доброто на граѓаните и на општеството.<br>Ако новинарот е објективен, тогаш треба да се држи до фактите. Секоја вест треба да се држи<br>до фактите и да одговори на прашањата: кој, што, кога, каде, како и зошто.<br>Во една вест нема место за личните мислења на оние кои ја пренесуваат.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“ | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Улогата на новинарството** *(вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност* | Го објаснува значењето на **непристрасноста** и **балансираноста** како етички стандарди | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се воведуваат преку стратегија бура на идеи каде учениците ги искажуваат своите ставови и мислења во врска со даден настан или вест.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>На учениците им се презентира новинарска вест во која се презентирани само факти за сообраќајна несреќа, а потоа презентира новинарски текст што ги содржи одговорите на повеќе луѓе кои зборуваат за несреќата што се случила и завршува со неговото мислење за несреќата. Учениците, поделени во групи, ги споредуваат двата текста за да одговорат на прашањето на наставникот: Каде се презентирани факти, а каде мислења? Групите ги споделуваат своите одговори и заеднички се констатира дека во новинарската вест се дадени информации во вид на факти/податоци, а во другиот текст се искажуваат мислења/ставови во врска со некоја појава или ситуација. Се дискутира за разликата меѓу фактите и мислењата во поглед на нивната вистинитост и можноста да се проверат/потврдат, како и во поглед на тоа дали изразуваат нечии ставови/верувања или се базираат на посматрање/истражување<br>Новинарите ја презентираат информацијата на објективен начин), додека мислењата одразуваат гледишта и верувања за определени работи и затоа се субјективни и пристрасни.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | -Компјутер, телевизија, образовни софтвери, интернет, аудио – визуелни снимки; мобилни телефони; илустрирани енциклопедии за деца, книги, учебници, фотографии, постери, албуми, информативни книги, брошури, флаери, покани, усни искажувања од членови на потесното или поширокото семејство / стручни лица во доменот кој се истражува | • практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови<br>• Пребарува, издвојува и користи информации од различни медиуми<br>• Усната презентација<br>• Практична примена при користење на медиуми; Домашните задачи. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | На крајот групите подготвуваат презентација за причините за случување сообраќајни несреќи (по една од следните причини по група: брзо возење, поминување на црвено на семафор, возење под дејство на алкохол) во која наведуваат и факти што ги наоѓаат на интернет, од релевантни извори и даваат свое мислење во врска со темата.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Изразување и творење**<br>***Раскажување и прераскажување***<br>(расказ, роман, филм, настан) | Прераскажува содржина на прочитан расказ и роман (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во текстот | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело„ Белото циганче“. Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело и се запознаваат со биографските податоци за авторот на делото – Видое Подгорец<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот на таблата има поставено ленти на приказната (настаните од романот по измешан редослед). Учениците ги подредуваат настаните по правилен редослед. Се прераскажува содржината на лектирата составена од 27 глави подредени по хронолошки редослед. Учениците се насочуваат на прераскажување на содржината по насочени прашања. Посебен акцент ставаат на делот од романот кој им оставил најголем впечаток и да образложат зошто. | Паноа<br>Книги<br>Библиотека во училница,<br>училишна библиотека<br>-Техники на учење (ленти на приказната) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- , анализа и интерпретации на литературни текстови,<br>- Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се прави анализа на прераскажаните глави со истакнување на позитивни, но и негативни случки кои ги сретнаа.<br><br>Насоки за домашна задача:<br>Во тетратките напишете го насловот на лектирата заедно со авторот, напишете поднаслов „Обработка на лектира“, препишете ги прашањата и одговорете ги. Одговорите не треба да бидат ни многу кратки ни премногу долги:<br>1. Како се вика главниот лик, по што е тој интересен во оваа приказна?<br>2. Каде почувствува дека има исмејување и кон кого? Објасни.<br>3. Кои се позитивните, а кои негативните ликови и зошто?<br>4. Какви занаети имало во оваа група луѓе, како преживувале и каде живееле?<br>5. Доколку се сретнеш со поинаква група на луѓе различна од тебе, како би постапил/а?<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1),,Што правевме денес?“<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Епика во проза Расказ** (*раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)* | Ја поврзува проблематиката на даден литературен текст со стварноста преку наведување примери од секојдневниот живот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се поделени во 4 групи ( 15 минути):<br>Ја анализираат лектирата со техника пица.<br><br><br>Учениците ги презентираат анализите. | - Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал<br>-наставен лист<br>-Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-Техники на учење<br>-Наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- - анализа и интерпретации на литературни текстови,<br>-<br>-Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците избираат лик (претходно наставникот/наставничката им има подготвено картонски цртежи со профилна слика на ликови од романот на кој лицето му е исечено, па ученикот го става своето лице на сликата). Добиваат задача да се стават себеси во позиција на ликот што го одбрале и усно да раскажат некој негов настан, а потоа раскажуваат своја или видена таква случка од секојдневието. Потоа во одделението се дискутираат сличностите меѓу проблемите на ликовите и на учениците. Учениците се насочуваат да изберат ликови од романот кои им оставиле впечаток (позитивен или негативен) и се запишуваат на таблата, а учениците во тетратката. Се врши анализа на секој лик поединечно и се запишуваат неговите карактерни особини.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се извлекува заклучок за впечатоците што им ги оставило лектирното дело:<br>✓ Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата?<br>✓ Кои се вашите омилени раскази, а кои омилени ликови?<br>✓ Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто?<br>✓ Што се промени кај вас по читање на лектирата?<br>✓ Што научивте, а порано не сте го знаеле?<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лични заменки : (***граматички категории лице, број и род; )* | Ја објаснува (преку примери) улогата на **личните заменки** во реченицата со кои се означува односот на учесниците во разговорот.<br>Ги наведува **личните заменки** во **еднина** и **множина**, со нагласување на формите за **граматичката категорија род** само во 3. л. еднина. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им презентира краток стрип во кој учениците треба да ги препознаат личните заменки.<br><br>Учениците го читаат и ги препознаваат заменките. Се открива целта на часот.<br>Зборовите што означуваат или посочуваат лица, други суштества, предмети, појави се нарекуваат заменки. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Библиотека во училницата<br>-Училишна библиотека<br>-Правопис на македонскиот јазик | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
Заменките што означуваат или посочуваат лица се викаат лични заменки.<br><br>
Главни активности – искуствено учење<br><br>
Наставникот ги претставува основните форми на личните заменки:<br><br>
<table>
<tr><td></td><td colspan="5">еднина</td><td colspan="3">множина</td></tr>
<tr><td rowspan="3">ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ</td><td rowspan="2">1. л.</td><td rowspan="2">2. л.</td><td colspan="3">3. л.</td><td rowspan="2">1. л.</td><td rowspan="2">2. л.</td><td rowspan="2">3. л.</td></tr>
<tr><td>м. р.</td><td>ж. р.</td><td>ср. р.</td></tr>
<tr><td>ЈАС</td><td>ТИ</td><td>ТОЈ</td><td>ТАА</td><td>ТОА</td><td>НИЕ</td><td>ВИЕ</td><td>ТИЕ</td></tr>
</table>
<br>
Учениците добиваат текст во кој се употребени сите лични заменки во различно лице и број. Имаат задача да ги најдат и подвлечат и да го одредат нивните категории: лице, број и род (доколку се во 3. л. еднина.)<br><br>
ЛЕСИ<br>
Доцна вечерта јас се враќав дома. Токму да влезам низ вратата, кога гледам нешто како сенка ми се плетка во нозете! Се наведнав и што да видам: едно мало кученце обраснато со меки кафеави влакна. Го кренав и благо му шепнав: – Ти ќе бидеш мое! Ти си мое! Тоа трепна со своите очиња, како да сакаше да ми рече: „Јас сум твое“. Не знаев како се вика и затоа му реков: – Јас ќе те викам Леси! Ти си Леси! Отсега ние ќе бидеме пријатели. Тоа се согласи, трепкајќи со очињата и со јазичето ми ја лизна раката. – Ти си гладно – го прашав. – Прости ми, немам ништо за јадење, освен леб. А сув леб ти не можеш да јадеш. Ајде Леси, сега ќе спиеме, а утре јас и ти ќе имаме богат појадок.<br><br>
Цане Андреевски<br><br>
Завршна активност – извлекување заклучок<br><br>
Учениците ги презентираат одговорите и се изведуваат заклучоци.
</td>
<td></td>
<td>литературни текстови,.);</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Личните заменки се одликуваат со категориите ЛИЦЕ (прво, второ и трето лице) и БРОЈ (еднина и множина). Личната заменка за трето лице еднина има **форми од трите рода – машки, женски и среден род.**<br>Рефлексија<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |